ПРЕДАВАЊЕ

# "Системскиот еклектицизам во психолошката теорија и пракса – единствен начин на интегрирање на неспоивото во услови на постојана трансформација и појава на нови предизвици"

**Мирослав Пендаровски**, редовен професор на – Меѓународен Славјански Универзитет; лиценциран психолог; европски сертифициран гешталт терапевт; Европски сертификат за тренер на тренери во психосоцијална рехабилитација; Сертифициран фацилитатор за семејни констелации; претседател на ЦППСЕ – "Совршен круг" од Скопје

**Апстракт**

Живеењето во комплексни, интегрални и мултидисциплинарни севкупни услови провоцира адаптација на психолошката наука и пракса на новите текови. Сведоци сме на невиден развој буквално на сите полиња на социо-културното, професионалното па и интимното живеење. Што значи тоа?! Тоа значи дека ние макар само во квантитативна смисла сме во ера на процут на размената на: информации, добра, материјални производи, ресурси, идеи, капитал итн. до недоглед. Денес културните аспекти на живеењето се достапни безмалку секому. Професионалните можности и насоки исто така се насекаде и ако добро ги бараме секако ќе ги пронајдеме. Дури интимната сфера човекова е поставена на увид на целата екумена преку мрежоте за виртуелна комуникација и елктронизација на се и сешто: книги, документи, идеи, слики, звуци и што ли уште не. Тоа секако не не води до заклучокот дека човекот во овие трансформациски текови и големи и непредвидени предизвици и квалитативно вредносно се развива и расте иако тој раст не е оневозможен туку само е така да речеме затскриен зад мноштвото олицетворено во севкупниот социјален и психолошки конструктивизам и субјективно читање на секаквите практики и теории. Повпростено – селективната моќ на човекот опаѓа правопропорционално со растот на можностите и достапноста на информации и производи. Значо. Колку повеќе информации, производи, понуда толку помала моќ да се одбере вистинското. Овој научен труд се занимава со приказ на важноста од систематски еклектицизам и интегритет во психолошката и психотераписката работа како неопходен одговор на современите мултиаспектни потреби на постмодерниот човек.

Клучни зборови: систематски еклектицизам, трансформациски текови, психотерапија